# СИСТЕМСКИ И ТЕМАТСКИ МОНИТОРИНГ НА СУДСКИ ПОСТАПКИ

Автор: Ивана Петковска

Скопје, 2021

## ВОВЕД

Коалиција „Сите за правично судење“ е формална мрежа на 13 граѓански организации во Р. Северна Македонија чија мисија е следење на почитувањето на човековите права и слободи, особено на меѓународните стандарди за правично судење, преку разни форми на дејствување во настојувањето да се зголеми нивото на имплементирање, да се иницираат институционални и правни реформи, како и да се врати довербата на граѓаните во судството и другите институции на системот. Во изминатите 18 години Коалицијата врши мониторинг на судски постапки пред судовите во Р. Северна Македонија на целата нејзина територија. Преку судскиот мониторинг Коалицијата ја следи имплементацијата на процесните закони, поточно на Законот за кривичната постапка како и Законот за парничната постапка.

Овој документ ќе даде краток осврт на судскиот мониторинг кој Коалицијата го спроведува последните неколку години, а внимание ќе биде посветено и на тематскиот мониторинг, односно на судските постапки од областа на семејно насилство. Целата е да се сумираат заклучоците и препораките од изминатите години како и да се следи прогресот при имплементација на Законот за кривичната постапка.

„Содржината е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

## СУДСКИ МОНИТОРИНГ

Коалицијата "Сите за правично судење" е специјализирана организација за мониторинг на судски постапки, и како таква, процесот на следење на судските постапки(мониторинг) го користи како најсоодветна алатка за прибирање на податоци и дијагностицирање на потенцијалните проблеми и проблематични подрачја кога станува збор за судските постапки и процесните закони кои ги регулираат истите.

Мониторинг на судски постапки претставува „теренско" истражување во кое се користат неколку методи на непосредна опсервација. За таа цел Коалицијата ангажира специјализирани набљудувачи кои не се директни учесници во расправите и кои поминуваат обука согласно областа во која вршат мониторинг, со цел да посветат посебно внимание на определени ситуации. Набљудувачите се водат од начелата на објективност и немешање во постапките, а истите се обврзани и со начелото на доверливост, односно сите информации што ги добиваат за време на мониторингот имаат обврска да ги чуваат како деловна тајна, а со цел да се обезбеди заштита на личните податоци на учесниците во постапките, како и правичноста на постапките. Мониторингот на судските постапки е доста значајна алатка која од една страна служи за прибирање податоци врз основа на кои се вршат длабински анализи, кои детектираат одредени предизвици при имплементирање на законите во пракса, а од друга страна се обезбедува начелото на јавност на судењата, а со тоа се овозможува и целосно почитување на меѓународните стандарди за фер и правично судење. Судскиот мониторинг придонесува и кон зголемување на довербата во судството, со оглед дека истиот се врши од страна на професионални набљудувачи кои објективно ги следат судењата.

## ОПШТ ДЕЛ - ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ЗКП (СИСТЕМСКИ МОНИТОРИНГ)

### Методологија на прибирање податоци и општи податоци

Во периодот 2018-2020 година, Коалицијата издаде две анализи кои што се однесуваат на прибраните податоци од спроведениот системски мониторинг во основните судови во Р. Северна Македонија. [1] Целта беше да се поддржат судските реформи насочени кон целосно исполнување на критериумите поставени со Поглавјето 23 преку оценување на ефикасноста на кривичната правда во основните судови и следење на практичната имплементација на процесните гаранции поставени во Законот за кривичната постапка и меѓународно прифатените стандарди за фер и правично судење. Токму за тие цели, беше извршен мониторинг во кривични судски постапки, каде се следеше имплементацијата на Законот за кривичната постапка кој започна да се применува во 2013 година, па така следејќи ги и новините во новото законско решение на процесниот закон, во процесот на мониторинг особено акцент се стави на преминот од инквизиторната во акузаторната кривична постапка.

Методолошкиот притап кој беше детерминиран со цел прибирање на релевантни податоци опфати низа квалитативни и квантитативни индикатори за степенот на примена на Законот за кривична постапка (ЗКП), но и на меѓународно ратификуваните документи кои го регулираат правото на фер судење. Поголем акцент беше ставен на квалитативните индикатори за постапката, така што податоците кои се добиваа од страна на набљудувачите да овозможат креирање на јасна, непосредна, објективна и транспарентна слика за кривичниот предмет или расправа кои се предмет на мониторинг.

---

[1] https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2019/07/OSCE-CAFT-2018-MKD-ENG-ALB.pdf
https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2021/02/SM-2021-MKD.pdf

„Содржината е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

Во последните 3 години, над 30 професионалните набљудувачи на Коалицијата имаат присуствувано на најмалку 4000 рочишта за главна расправа. Судскиот мониторинг Коалицијата го спроведува на територија во основните судови во Скопје, Битола, Велес, Тетово, Гостивар, Штип, Струмица, Куманово, Охрид, Прилеп, Струга и останатите градови, кои се наоѓаат на територија на четирите апелациони подрачја.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ОД АНАЛИЗИ НА СИСТЕМСКИОТ МОНИТОРИНГ

При изготвувањето на анализите, Коалицијата го следи и прогресот при имплементација на Законот за кривична постапка, па токму врз основа на донесените заклучоци и препораки во изготвените анализи детектирани се предизвици кои што долго време се провлекуваат низ судскиот систем и за кои веќе подолг период се алармира дека треба да се посвети повеќе внимание како би се надминале одредени предизвици, а со цел да се реализираат судските реформи насочени кон целосно исполнување на критериумите поставени со Поглавјето 23 и приближување кон законодавството на ЕУ. Токму заради тоа во продолжение ќе бидат опфатени оние предизвици кои во изминативе неколку години најчесто се повторуваат и за кои е утврдена стагнација наместо прогрес..

### Услови за одржување на главната расправа

Претпоставка за одржување на главната расправа во една судска постапка е присуство на повиканите лица во чие отсуство е невозможно да се одржи расправата. Отсуството на уредно повикано лице на главна расправа предизвикува различни последици и различно постапување на судот во зависност од својството на лицето кое не е присутно на главната расправа. Така на пример, последиците коишто ги предвидува законот за отсуство на овластениот тужител кој е уредно повикан, а не се јавил и покрај уредно примена покана, се различни во зависност од тоа дали станува збор за јавен обвинител (ЈО) или за приватен тужител. Доколку ЈО е оној кој ќе отсуствува од главната расправа и притоа не го оправда својот изостанок, законот предвидува негово санкционирање, но кога станува збор за приватен тужител последиците се поригорозни, односно судот во тој случај ја запира постапката.

Присуството на обвинетиот на главната расправа и во текот на целата постапка претставува темел на правото за фер и правично судење, но законодавецот предвидел исклучоци согласно кои судот може да одлучи главната расправа да се одржи без присуство на обвинетото лице. Тоа се услови кога обвинетиот може да ги наруши редот и дисциплината во судницата, кога судот донел решение за судење во негово отсуство или ако обвинетиот не дојде на главната расправа (за кривични дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор до три години), иако е уредно.

Отсуството на бранител во постапката, пак, идентично како и она на ЈО, предизвикува различни правни последици во зависност од тоа дали се работи за задолжителна одбрана или не. Доколку станува збор за задолжителна одбрана, а бранителот не се појави, судот ќе ја одложи главната расправа.

Одлагањето на расправи во текот на постапката значително негативно се одразува врз начелото на судење во разумен рок, кое начело е загарантирано со член 6 од Европската конвенција за човекови права. Пречестото одлагање на рочишта може да алудира или на неефикасно и неекономично раководење на

„Содржината е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

постапката од страна на судот, или пак на злоупотребување на правата на одбраната во постапката. Во секој случај, истото негативно влијае врз перцепциите на граѓаните во однос на целокупното правосудство и неговата функционалност.

Согласно анализата од 2018 година при спроведување на судскиот мониторинг и обработка на податоците, констатирани се високи 58% на одложени расправи. Согласно податоците едвидентирано е најголемо отсуство на обвинетите лица, а веднаш потоа на нивните бранители. Како причина е наведно неспроведување на обвинетите од казнено поправните установи, отсуство на техчнички услови, како и “преклопување” со други предмети. Понатаму евидентирано е и често отсуство на сведок или вештак во постапката, но и на оштетениот. Иако овие отсуства не секогаш се причина за одлагање на расправите, сепак влијаат врз динамиката и текот на постапката. Во голема мерка ова се однесува на нефукционалноста на доставните служби и на неисцрпување на ресурсите на МВР при повикувањето на овие лица. Најмал број на рочишта се одложени поради отсуство на Јавен обвинител и непотполн судски состав.

Од друга страна пак, во анализата од 2020 година, иако е забележано намалување на одложените рочишта сепак процентот останува релативно висок, односно 55 %. Најголемиот дел од отсуствата повторно се должат на одбраната, поточно комбинираното отсуство на бранителот и обвинетиот со 66 %, потоа јавното обвинителство со 14 %, додека пак судот со 11 %. Се разбира дека и останатите категории учесници во постапката, чие присуство согласно законот не е услов за одржување на расправата, меѓутоа во определена фаза од постапката било неопходно да се присутни, па и тие имаат свој удел во вкупниот процент од 55 %.Доколку навлеземе за причините за отсуство, може да се увиди дека најголемиот дел се однесуваат на оправдано отсуство, најверојатно однапред најавено или дополнително оправдано со уредна документација, а веднаш потоа со 26 % од причините за отсуства е неуредната достава на судските служби, додека само 1% се неоправдани изостаноци на клучните субјекти во постапката.

Од горенаведеното може да заклучиме дека сѐ уште постои висок процент на одложени рочишта за главна расправа кои првенствено се должат на отсуство на учесниците чие присуство во процесот е задолжително. Иако процентот на одложени рочишта полека се намалува, сепак нивниот број е над половината од сите набљудувани рочишта за главна расправа, што несомнено укажува на тоа дека доколку се иземат постапките по казнен налог, признанијата на вина и пресудите врз основа на спогодба за вина, поверојатно е дека едно рочиште ќе биде одложено отколку одржано. Поради тоа, потребно е да се предвиди соодветна систематизација на работните места во судовите и обвинителствата или пак да се унапреди постоечката, со цел да се овозможи и соодветно менаџирање со човечките ресурси, како и нивно оптимално искористување за да не доаѓа до непотребно одложување на рочишта. Исто така, и натаму потребно е да се направат детални и длабински истражувања во поглед на доставните и курирски служби кои ги користи судот, со цел да се измери нивната ефикасност, бидејќи ссо години наназад опстојува проблемот со ненавремена достава од страна на курирските служби.

На крај, со цел да се овозможи оптимален тек на постапката и да се избегнуваат одлагања поради отсуство на сведоци или прибавување на докази, потребно е судиите да практикуваат инклузивен пристап со сите учесници во постапката при договарањето на дејствијата кои треба да се преземат, динамиката на

„Содржината е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

одвивање на процесот, како и времето кое им е потребно за подготовка или прибавување на определени докази или сведоци.

**Притворот како мерка за обезбедување присуство на обвинетиот**

Притворот како мерка за обезбедување присуство на обвинетиот се однесува исклучиво на обезбедување на евентуалниот сторител на кривично дело во кривична постапка и притоа опфаќа три веројатни сценарија - оправдано сомневање дека одредено лице извршило кривично дело; треба да се спречи извршување на кривичното дело; и постоење на опасност дека по извршувањето на кривичното дело лицето би побегнало. Поентата и оправданоста на овој исклучок подразбира лицето кое се идентификува како евентуален сторител на кривично дело, да биде изведено пред надлежен суд за понатамошно процесуирање на делото кое се претпоставува дека го извршило. Практиката на ЕСЧП покрај ризикот од бегство и спречувањето во извршување, односно довршување на делото, ги додава и категориите „ризик од попречување на истрагата“, „ризик од нарушување на јавниот ред и мир ако биде ослободено“ и „потребата за заштита на притвореното лице“.[2] Сепак, по истекот на одредено време не е доволно постоењето на разумни основи за сомневање за постоење на погоре наведените ситуации, па во таквите случаи судот кој одлучува мора да утврди дали постојат основи кои продолжуваат да го оправдуваат лишувањето од слобода. Во секој случај основаноста и разумноста на сомневањето врз основа на кој се определува притворот, претставува есенцијален дел од заштитниот механизам против арбитрарното лишување од слобода (апсење или притвор).[3]

Токму поради тоа, мерката притвор треба да претставува најстрога мерка, и тогаш кога истата цел за обезбедување на присуство на обвинетиот може да се постигне со полесна мерка, не треба да се определува притвор.

Неизбежно е да се констатира дека охрабрува фактот што определувањето на мерката притвор од година во година опаѓа, па така согласно анализата од 2018 година од вкупниот број мерки за обезбедување присуство, најтешката мерка, притворот, била применета во 6,7% од набљудуваните предмети, додека останатите мерки за обезбедување присуство се евидентирани во 18% од набљудуваните рочишта.

Веќе во следната анализа од 2020 година, во поглед на примена на мерките за обезбедување присуство на обвинетите лица во однос на изминатите години, Коалицијата констатираше намалување на процентот на примена на мерката притвор. Имено, овој процент се намалува во 2019 г., кога мерката е утврдена на 4,7 %, за во 2020 година да биде нотирано уште еднократно намалување од 1,5 %, односно употребата на мерката притвор е забележана во 3,2 % од предметите.

Согласно горе наведеното, охрабрува фактот што мерката притвор се применува во мал дел од предметите, а воедно се забележува и константно опаѓање на нејзината примена низ годините. Што впрочем претставува и следење на препораките кои државата ги добиваше со години наназад од меѓународните извештаи кои се однесуваа на почитување на човековите права и слободи во земјава, но и на владеење на

[2] Предмет Buzadji против Молдавија, Апликација бр. 23755/07
[3] Предмет K.F. против Германија, Апликација бр. 144/1996/765/962

„Содржината е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

правото. Сепак, отсуството на останатите полесни мерки за обезбедување присуство во постапките, и покрај тоа што се забележува голем број одлагања поради отсуство на странките, остануваат неискористени. Поради ова е потребно да се преземат активности во насока на промовирање на полесните мерки за обезбедување на присуство, но и да се направат соодветни истражувања за да се откријат вистинските причини зад слабата примена на овие мерки. Исто така неопходно е да се пристапи и кон законски измени со цел да се овозможи поголема надлежност на судот, обвинителството и полицијата врз контролата над спроведувањето на овие полесни мерки за обезбедување, како и целосно заживување на пробациските служби.

**Начин на регистрирање на главната расправа**

Законот за кривична постапка го уредува начинот на регистрирање на главната расправа. Согласно истиот, предвидено е расправата да биде снимена тонски или визуелно-тонски, а на самиот почетокот на расправата, претседателот на советот ги известува присутните странки и другите учесници во постапката за тоа дека расправата се снима и дека снимката претставува тонски или визуелно-тонски запис од одржаната расправа. Преку тонското или визуелно-тонското снимање на главната расправа се овозможува целосно и автентично евидентирање на сѐ што се одвивало во текот на главната расправа. На овој начин се оневозможува да биде направен каков било пропуст при внесувањето на содржината во записникот за главната расправа, што од своја страна претставува гаранција за неговата веродостојност и реален приказ на она што се случува на главната расправа.

За жал, практиката на големиот број на расправи кои се евидентираат преку диктирање од страна на претседателот на советот на записник е се уште присутна што во голема мера влијае на непосредноста на исказите кои се внесуваат во записниците и претставува остаток од времето пред донесување на новиот Закон за кривична постапка. Овој феномен е нотиран и во анализата од 2018 година, како и во анализата од 2020 година, каде во 75 % од мониторираните рочишта, судот бил оној преку кого е внесувана содржината во записниците, а со тоа и директно го намалил процентот на непосредно евидентирање на искази во записник.

Токму поради горе наведеното неопходно е итно да се напушти праксата на диктирање, односно парафразирање на прашањата и исказите од страна на судијата. Во оваа насока е неопходно да сеалоцираат соодветни средства како би се овозможило аудио-визуелно снимање на сите расправите со цел да се зајакне објективноста, сигурноста и правичноста на постапката. Ова е во насока и на најавите за дигитализација на судството, согласно кои ќе се обезбедат средства од страна на државата за одржување на опремата која ќе биде инсталирана во судовите, но и јакнење на човечките ресурси потребни за работа и одржување на истата. Дигитализацијата меѓу другото ќе значи и воведување на онлајн судења, а тоа ќе ги забрза постапките, кои ќе бидат и поевтини, а можностите за одложување ќе бидат значително намалени.

„Содржината е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

## ДЕЛ 2 - МОНИТОРИНГ НА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

## ВОВЕД

Во последниве децении како на меѓународно, така и на локално ниво, забележан е тренд на зголемена законодавна активност во областа на превенција, спречување и казнување на семејното насилство, а особено насилството над жените и децата. Семејното насилство претставува специфично подрачје од повеќе аспекти кое претставува пречка за остварување на фундаменталните слободи и права. Тоа е предизвик кој има негативно влијание во секојдневниот живот во многу семејства и е проткаено со деликатна и уникатна врска, како и взаемна позиционираност на жртвата и сторителот, која не ретко е придружена и со економска зависност на жртвата и сторителот еден од друг, заедничко живеалиште, заеднички родителски права итн., што несомнено бара брз, одлучен и соодветен одговор од државните органи. Компаративните и емпириските податоци за извршено семејно насилство говорат во прилог на тоа дека семејството како основна општествена заедница честопати може да се претвори во насилничка средина, а доколку се земат предвид расположливите податоци, може да се заклучи дека не може да се издвои дека една специфична група во општеството за којашто може да тврдиме аргументирано дека го создава проблемот, што значи дека истото може да се јави во било кое семејство и во било кое општество, без исклучок. Ваквата поцизионираност неизбежно ги отежнува обидите на државите и надлежните органи да преземаат соодветни активности за превенција, едукација и покренување на свеста на граѓаните, како и за навремено неутрализирање на ризик факторите за појава на семејно насилство. Исто така, може да се констатира дека семејното насилство во глобала повеќе ги погодува ранливите категории на лица, како социјално загрозените, старите и изнемоштени лица, кои пак често пати се обесхрабруваат да преземат било какви активности за пријавување на ваквиот вид на насилство.

## ТЕМАТСКИ МОНИТОРИНГ НА СУДСКИ ПОСТАПКИ

Тематски мониторинг претставува алатка преку која слично како и кај системскиот мониторинг, се врши „теренско“ истражување каде се користат методи на непосредна опсервација од страна на професионални набљудувачи на Коалицијата. Она по кое се разликува тематскиот мониторинг е тоа што се фокусира на одредена категорија на предмети од определена област, за разлика од системскиот мониторинг кој ги таргетира општо сите кривични предмети кои се водат пред основните судови во државата. Токму поради тоа, за целите на овој мониторинг се креира посебен методолшки пристап кој се приспособува соодветно на темата која е предмет на анализа односно мониторинг.

## ТЕМАТСКИ МОНИТОРИНГ НА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

Коалицијата „Сите за правично судење“ во рамките на два проекти има спроведено мониторинг на судски постапки од областа на семејното насилство.[4] Целта беше насочена кон откривање на фактот дали судскиот систем при постапувањето со сторителите на овие кривични дела можат да послужат за

[4] https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2021/01/NORDIC-MKD-2021.pdf
https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2019/12/OSCE-2019-SN-MKD-ENG-ALB.pdf

„Содржината е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

зајакнување на довербата на жртвите во правосудството и со тоа да се придонесе и кон намалување на високата „темна“ бројка на овој облик на криминалитет. Преку споредување на податоците за постапувањето на судот и на другите субјекти во текот на постапките исто така се овозможува да се согледа начинот на постапување на судот и да се утврдат слабите точки низ постапката, а со тоа да се влијае кон нивно подобрување, со што директно би се подобрил степенот на ефикасноста во справувањето со овој облик на криминалитет.

Слично како и кај системскиот мониторинг, методологијата која беше користена од страна на Коалицијата за прибирање на податоците од судењата опфаќаше квалитативни и квантитативни индикатори за степенот на примена на ЗКП, но и на меѓународно ратификуваните документи кои го регулираат правото на фер судење и правата на жртвите во постапките.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ОД АНАЛИЗИ НА ТЕМАТСКИ МОНИТОРИНГ НА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

### Мал број на предмети од областа на семејно насилство

Генералниот и првичен заклучок кој може да се извлече од двете анализи е во насока на поткрепа на веќе постоечките претпоставки и расположливи податоци за кривично-правниот одговор на семејното насилство. Впрочем, малиот број на правосилно завршени предмети во најголемиот основен суд во период од 5 години, како и малиот број на активни судски постапки за семејно насилство во 2020 година неизбежно говорат во насока на тоа дека кај овој тип на криминалитет сѐ уште постои висока темна бројка и непријавување на случаите на семејно насилство.

Проблемот со семејното насилство значително се зголеми и со појавување на пандемијата КОВИД 19, која покрај останатите предизвици наметна сериозна закана и за жртвите на семејно насилство. Воведувањето на полициски часови, ограниченото движење и останувањето во своите домови имаа сериозен ефект за зголемување на семејното и родово-базираното насилство. И покрај тоа што овие мерки беа воведени со цел спречување и сузбивање на пандемијата, сепак не беше земено предвид што ќе се случува со оние кои се жртви на семејно насилство. Согласно податоците на Министерството за внатрешни работи, од јануари до јуни во 2019 година во МВР биле пријавени вкупно 1 999 случаи од областа на семејното и родово насилство, додека за време на воведениот карантин и полициски часови во текот на пандемијата, во периодот јануари-јуни 2020 година, бројот на пријавени случаи достигнал 2 450, што е зголемување за 22 %.[5] Ова потврдува дека семејното насилство не само што постои, но за жал истото не се ни пријавува во доволна мера како би можело барем да се намали, ако не и искорени.

Овој проблем на мал број на лица кои се охрабруваат да пријават семејно насилство е последица на недовербата во органите на прогон и правосудните органи. Токму поради тоа потребно е да се направат соодветни напори за охрабрување на жртвите да го пријават семејното насилство, како и да се работи на стекнување на доверба во државните институции и органите на прогонот од страна на жртвите.

---

[5] https://www.all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2021/06/06-%D0%93%D0%B0%D0%BB%D0%B0-%D0%9D%D0%B0%D1%81%D0%B5%D0%B2%D0%B0.pdf

„Содржината е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

**Унификација на начинот на водење евиденција кај надлежните органи**

Она што беше констатирано и во двете анализи е дека надлежните институции прибираат исклучително мал број на податоци кои се однесуваат на нивното работење во полето на превенција и сузбивање на семејното насилство, кои ретко кога се поделени во повеќе категории. Со овие предизвици се соочи и Коалицијата при прибирање на податоци, кој процес се одвиваше значитечително тешко токму поради фактот што различни органи користат различна методологија за обработка на податоците, па така е исклучително тешко да се направи споредба на податоците и да се постигне соодветно следење на еден случај низ сите фази на постапката во надлежност на различните државни органи.

Државните органи, како и граѓанските организации и научни институции е пожелно да прават длабински истражувања за причините поради кои во пракса семејното насилство останува непријавено, со цел да можат соодветно да бидат адресирани детектираните проблеми, а со тоа да се постигне и одржливо и долгорочно намалување на темната бројка кај овој тип на криминал. Ова за жал е мошне тешко да се изведе со оглед дека поради погоре наведените причини не можат да се направат прецизни прелиминарни и базични истражувања за феноменолошките и етиолошките карактеристики на семејното насилство, како и да се направи попрецизно профилирање на сторителите и жртвите на семејното насилство, па во таа насока потребно е овие инстутуции да поработат на унапредување на квантитетот и квалитетот на податоците кои надлежните институции и органи ги прибираат во поглед на своето работење од областа на семејното насилство. Она што би можело да придонесе кон унифициран пристап е дигитализација на начинот на водење на евиденција кај надлежните органи и поврзан систем на кој ќе можат да пристапат сите институции кои се надлежни за борба против семејното насилство.

Исто така она што претставува проблем е фактот што во рамки на самите судови, во АКМИС системот не е предвидена категорија на семејно насилство, со цел да можат да се добијат веднаш податоци за тоа колку постапки се водат каде како елемент се појавува семејното насилство. Токму поради тоа, неопходно е во АКМИС системот да се воведе посебна ознака за предметите од областа на семејното насилство со цел истите побрзо да се филтрираат, а понатаму и поедноставно и да се анализираат и обработат, со цел да се пристапи кон модификување и унапредување на политиките на државата за справување со овој феномен.

**Измени во Кривичниот законик и Законот за кривична постапка**

Она што беше повторно констатирано и во двете анализи е дека е потребна првенствено законска интервенција во Кривичниот Законик на начин што целосно би се имплементирале одредбите од Истанбулската конвенција со што би се отворила можноста за унапредување на казненоправниот третман на сторителите на овие кривични дела, како и унапредување на Законот за кривична постапка во насока на подобрување на решенијата првенствено за вонпроцесната заштита на жртвите од семејно насилство.

Истанбулска конвенција, претставува најзначајниот меѓународен документ за борбата со семејното насилство. Р.С. Македонија ја потпиша Истанбулската конвенција на 8 јули 2011, а ја ратификува со депонирање на инструментот за ратификација на 23 март 2018 година. Истанбулската конвенција се опишува како „златен стандард“ и „прв меѓу еднаквите“ во рамки на инструментите кои го третираат елиминирањето на насилството врз жените. Ова е поради фактот што конвенцијата претставува сеопфатен инструмент кој е правнообврзувачки и ги опфаќа сите форми на насилство на врз жената. Конвенцијата се

„Содржината е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

потпира на разбирањето дека насилството врз жените и девојките навлегува во сите аспекти на општественото живеење и е одраз на нееднаквите односи на моќ коишто постојат меѓу мажите и жените. Во оваа смисла, за земјите кои ја ратификувале конвенцијата се наметнува стандардот на „должно внимание“, со кој се предвидуваат низа обврски за превенција, гонење на сторителите и спроведување на законодавни и други мерки на интегративна политика. Токму поради тоа исклучително важно е РСМ соодветно да ја имплементира оваа конвенција во домашното законодавство.

Во тој поглед, во однос на Кривичниот законик, препорачливо е дополнително унапредување на одредбите во насока на соодветно инкриминирање и дефинирање на сексуалното и психичкото семејно насилство, а особено во насока на воведување одредби кои го санкционираат и економското семејно насилство.

Соодветна интервенција би требало да се предвиди и во ЗКП каде согласно одредбите од Истанбулската конвенција би биле предвидени механизми за рана заштита на жртвите на семејно насилство, уште во моментите на пријавувањето за сторено вакво дело слични на emergency barring (protective) orders познати во англосаксонскиот систем.[6] На овој начин, на жртвите на семејно насилство уште во фазата на пријавување на кривичното дело, би можело да им се понудат мерки што значат забрана за посетување на домот од страна на наводниот сторител на насилството, обврска за негово сместување во посебни центри за третман против насилство, или сместување на жртвите во посебни центри-засолништа.[7] Примената на вакви итни мерки би ги поттикнала жртвите во една рана фаза од кривичната постапка за поголема соработка и доверба во органите на прогонот.

---

[6] Види: Nelson E.L., Police Controled Antecedents Which Significantly Elevate Prosecution and Conviction Rates in Domestic Violence Cases, Criminology and Criminal Justice, Vol. 13, No. 5, 2012 (526-551) стр. 537 и сл

[7] Во Република Северна Македонија има десет шелтер центри во кои се сместуваат жртвите, но евидентна е потребата од поголем број, како и нивно распоредување низ територијата на целата држава. Види: Гелевска Ј., Мишев С., Фришчиќ Ј., Анализа на засолништа, ЕСЕ, Скопје 2010 г., стр. 28-29. Достапно на: http://www.semejnonasilstvo.org.mk/Root/mak/_docs/Analiza%20na%20zasolnista.pdf

„Содржината е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.